# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување во Општина Валандово за 2021 година

Програмата за изградба и одржување на јавното осветлување во Општина Валандово во 2021 година, се реализираше преку надлежната служба на општината, која постојано ја следеше состојбата, превземаше мерки и ги координираше активностите на овој план. Притоа надлежната сужба постојано имаше увид на теренот и навремено превземаше мерки и активности за да обезбеди континуирана и квалитетна услуга.

Реализирањето на програмата за изградба и одржување на јавното осветлување и на средствата за оваа намена во 2021 година, е следната:

1. **Одржување на јавното осветлување**

Заклучно со 31.12.2021 година, јавното осветлување во Општина Валандово го опслужуваа вкупно 2306 броја на активни светлики, од различна рефлектирачка моќ или за 28 броја помалку од претходната година.

Изградбата, проширувањето, реконструкцијата на мрежата на јавното осветлување, набавката на материјали за тековно одржување и редовното одржување на јавното осветлување, во 2021 година го вршеше избраниот овластен правен субјект преку транспарентна постапка за јавна набавка „АБА-ПЕЛИВАНОВ" од с.Фурка, општина Дојран.

Спроведувањето на Програмата се вршеше преку одговорните лица во администрацијата на Општина Валандово.

Табела бр. 1: Состојба со активни светилки во општината е следната

| ЛЕД свет. 9W | ЛЕД свет. 18W | ЛЕД реф. 250W | Неон. Свет. 2x18W | РГБ 10W | ЛЕД реф. 10W | ЛЕД реф. 20W | ЛЕД реф. 50W | ЛЕД реф. 100W | ЛЕД свет. 38W | ЛЕД свет. 68W | ЛЕД свет. 2x 19W | ЛЕД свет. 50W | ЛЕД свет. 100W | Рек. Билб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 134 | 236 | 3 | 6 | 9 | 54 | 16 | 12 | 7 | 1619 | 40 | 40 | 88 | 42 | 1 |

2. **Изградба и реконструкција на јавното осветлување**

Во делот на јавното осветлување, во тековната 2021 година покрај реконструкцијата беа извршени одредени интервенции, кои што беа предложени во Програмата за реализација, и тоа:

Табела бр.2: Интервенци во јавното осветлување по месеци

| месец | СКС кабел | Метален Столб | ЛЕД канделабра | Празен Ормар | ЛЕД Рефлектор | Панел |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Проект ЈПП | | | |
| Јануари | 40 м-Валандово | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Февруари | 50 м-Валандово | | | | | |
| Март | 30 м-Валандово | | 2-Валандово | | | |
| | 40 м-Балинци | | 1-Удово | | | |
| | 185 м-Чалакли | | | | | |
| | 30 м-Јосифово | | | | | |
| Април | 50 м-Грчиште | | | 1-Валандово | 5-Црква Јосифово | |
| Мај | 132м Валандово | | | 1-Валандово | | 14-ЕЛС |
| Јуни | 60 м-Раброво | | 1-Марвинци | | | 7-Валандово |
| | | | 1-Брајковци | | | |
| | | | -Јосифово | | | |
| | | | 1-Валандово | | | |
| Јули, Август и Септември | | | 15-Башибос | | | |
| | | | 3-Валандово | | | |
| | | | 3-Брајковци | | | |
| Октомври | | 4-казандол | 7-Казандол | | 1-Валандово | |
| | | 7-Калково | 2-Марвинци | | | |
| | | | 4-Калково | | | |
| | | | 1-Јосифово | | | |
| | | | 2-Пирава | | | |

Покрај тековното сервисирање, во 2021 година, општина Валандово го реализираше и проектот за замена на постојното натриумово осветлување со ново штедливо ЛЕД осветлување на територијата на целата општината. Проект кој што беше реализиран преку јавно приватно партнерство (ЈПП), во соработка помеѓу општина Валандово и правниот субјект „ИЦС СИСТЕМИ“ од Охрид, во вкупна вредност од 38.717.608,94 денари, и рок на отплаќање од 142 единечни рати во висина од 272,643.00 денари, каде што последната 143-та рата е со незначителен износ.

Проектот ги опфати сите населени места и градот Валандово, без разлика на големината или бројот на домаќинства и жители кои гравитираат во истите, каде што беа предвидени да се заменат вкупно 1740 единици на канделабри, а до моментов заменети се околу 1620 единици на канделабри, вклучувајки го и партерното осветлување на потегот „Шеталиште“ во градот Валандово, со поставување на 37 броја на типски канделабри со соодветни метални столбови и пропратни кабли.

Демонтираните натриумови канделабри кои во огромен процент се исправни (95%), се попишани и складирани во кутии во депото на општина Валандово.

Исто така со споменатиот проект, во голема мера се намали и емисијата на гасови од претходно поставените натриумови светлечки арматури, се подобри и квалитетот на осветлувањето, и се намали износот на месечните фактури за потрошена електрична енергија во делот на уличното осветлување[1], кое опслужува вкупно 55 ормарни места за

[1] Преглед Табела 3 од Извештајот

јавно осветлување и дополнителни 27 отчитувачки места на објекти сопственост на општината.

### 3. Финансиски показатели

Вкупните приходи од комуналната такса за јавното осветлување во 2021 година изнесува 9.052.596,00 денари.

Во 2021 година за потрошена електрична енергија за јавното осветлување, платени се фактури на вкупен износ од 3.284.589,82 денари.

- За набавка на материјали за одржување на јавното осветлување потрошени се вкупно 762.358,00 денари
- За одржување и проширување на мрежата, потрошени се вкупно 804.697,00 денари
- За исплата на рати кон ЕСКО компанија 1.735.192,00 денари.

Или расходите на општината во 2021 година за јавно осветлување биле вкупно 6.586.836,82 денари

Табела бр.3: Разлика на потрошена електрична енергија за јавно осветлување

| Месец | 2020 година (натриум.+еко осветлување) АКТИВНИ СИЈ.МЕСТА = 2334 бр | | 2021 година (натриум.+еко осветлување) АКТИВНИ СИЈ.МЕСТА = 2306 бр | | РАЗЛИКА во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| ЈАНУАРИ | 1 kw | EVN=3,5700 | 1 kw | EVN=4,7100 | - 395,528.00 |
| | Вк.фактура | 308,374.00 | Вк.фактура | 703,902.00 со новог.осв | |
| ФЕВРУАРИ | 1 kw | EVN=3,5700 | 1 kw | EVN=4,7100 | - 87,020.00 |
| | Вк.фактура | 385,589.00 | Вк.фактура | 472,609.00 | |
| МАРТ | 1 kw | EVN=2,7600 | 1 kw=EDG=1.3152 | 1 kw=EH=5.4000 | + 42,382.00 отпоч. проект на ЈПП |
| | Вк.фактура | 299,098.00 | Вк.фактура | 256,716.00 | |
| АПРИЛ | 1 kw | EVN=2,7600 | 1 kw=EDG=1.0034 | 1 kw=EH=5.4000 | + 26,137.00 |
| | Вк.фактура | 213,290.00 | Вк.фактура | 187,153.00 | |
| МАЈ | 1 kw | EVN=2,7700 | 1 kw=EDG=1.0034 | 1 kw=EH=5.4000 | + 42,598.00 |
| | Вк.фактура | 210,117.00 | Вк.фактура | 167,519.00 | |
| ЈУНИ | 1 kw | EVN=2,7700 | 1 kw=EDG=1.3152 | 1 kw=EH=5.4000 | + 67,472.00 |
| | Вк.фактура | 218,499.99 | Вк.фактура | 151,027.00 | |
| ЈУЛИ | 1 kw | EVN=3,3900 | 1 kw=EDG=1.5708 | 1 kw=EH=5.4000 | + 104,364.00 замена на тајмери со оќца |
| | Вк.фактура | 269,437.00 | Вк.фактура | 165,073.00 | |
| АВГУСТ | 1 kw | 3,4800 | 1 kw=EDG=1.5708 | 1 kw=EH=5.4000 | + 107,381.00 |
| | Вк.фактура | 310,264.00 | Вк.фактура | 202,883.00 | |
| СЕПТЕМВРИ | 1 kw | 4,2300 | 1 kw=EDG=1.5708 | 1 kw=EH=5.4000 | + 204,233.00 |
| | Вк.фактура | 408,684.00 | Вк.фактура | 204,451.00 | |
| ОКТОМВРИ | 1 kw | 3,6400 | 1 kw=EDG=1.5708 | 1 kw=EH=5.4000 | + 161,685.00 |
| | Вк.фактура | 406,885.00 | Вк.фактура | 245,200.00 | |
| НОЕМВРИ | 1 kw | 4,5200 | 1 kw=EDG=2.0205 | 1 kw=EH=5.4000 | + 190,704.18 |
| | Вк.фактура | 500,847.00 | Вк.фактура | 310,142.82 | |
| ДЕКЕМВРИ | 1 kw | 4,5200 | 1 kw=EDG=1.5708 | 1 kw=EH=5.4000 | +405,363.00 |
| | Вк.фактура | 623,277.00 со новогод. осветл. | Вк.фактура | 217,914.00 без новогод. осветл. | |
| | | 4,154,361.99 | | 3,284,589.82 | Разликата во потрошувачка на електр.енергија за улично осветлување е споредена за периодот од 03-12.2020 од 03-12.2021 и изнесува **1,352,319.18** денари |

Вкупната заштеда на средства по основ на уличното осветлување изнесува: 1.352.319,18 денари, а како репер за споредба е семена потрошувачката за периодот Мар-Декември 2020 година и периодот Март-Декември 2021 година, кога е спроведен проектот за ЈПП.

Одделение за правни работи,
јавни дејности и човечки ресурси